UDC: 305-021.23-055.2(497.7)
334.722-055.2(497.7)

# NATIONAL MEASURES FOR GENDER EQUALITY AND ECONOMIC INDEPENDENCE OF WOMEN

**Arlinda Kadri Shahinovik**
Assistant professor, AUE-FON Skopje
arlinda.shahinovik@fon.edu.mk
**Zorica Siljanovska**
Associate professor, AUE-FON Skopje
zorica.siljanovska@fon.edu.mk

**Abstract**

Achieving women's economic independence is at the core of a vision for gender equality globally. Women are one of the most widely used sources in the world of creativity and economic growth and development. Economic independence enables the expansion of women's capacity to make the right choices and to participate equally and fully in all spheres of life. It is about recognizing women's labor, paid and unpaid, as valuable and significant, both socially and economically. The state certainly plays a major role in improving the opportunities and conditions for women to gain economic independence, as a basis for their comprehensive independence and building as an equal segment in society as a whole. Active measures at central and local level are needed to provide conditions for women to network, greater and easier access to information and support for developing and starting their own businesses. Women and their role in entrepreneurship are becoming increasingly relevant in both developed and transition countries, and the national platform for women entrepreneurship is a significant stimulus for gender equality and economic independence. Women entrepreneurship is a source of innovation, job creation and economic progress. Both the public and private sectors around the world are increasingly crediting women entrepreneurship as one of the leading driving forces, especially in times of global crisis.

**Keywords:** national measures, economic activity, women entrepreneurship, gender equality, economic independence

# НАЦИОНАЛНИ МЕРКИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЕКОНОМСКА НЕЗАВИСНОСТНА ЖЕНИТЕ

**Арлинда Кадри Шахиновиќ**
Доц. Д-р АУЕ - ФОН Скопје
arlinda.shahinovik@fon.edu.mk
**Зорица Силјановска**
Проф. Д-р АУЕ - ФОН Скопје
zorica.siljanovska@fon.edu.mk

**Апстракт**

Постигнувањето на економска независност на жените е во сржта на визијата за родова еднаквост на глобално ниво. Жените се еден од најпознатите неискористени извори во светот на креативноста и економскиот раст и развој. Економската независност овозможува проширување на капацитетот на жените да прават вистински избор и еднакво и во целост да учествуваат во сите сфери на животот. Станува збор за признавање на трудот на жените, платен и неплатен, како вреден и значаен, и социјално и економски.. Државата секако игра голема улога во подобрувањето на можностите и условите за освојување на економската независност на жената, како основа за нејзина сеопфатна независност и градење како рамноправен сегмент во општеството во целина. Неопходни се активни мерки на централно и локално ниво за обезбедување на услови за вмрежување на жените, поголем и полесен пристап до информации и поддршка за развивање и отпочнување на сопствени бизниси. Жените и нивната улога во претприемништвото добиваат сѐ поголема актуелност како во развиените земји, така и во земјите во транзиција, а националната платформа за женско претприемништво е значаен стимул за родова еднаквост и економска независност. Женското претприемништво претставува извор на иновација, креатор на нови работни места и економски прогрес. И јавниот и приватниот сектор низ светот сѐ повеќе му даваат заслуга на женското претприемништво како една од водечките движечки сили, особено во време на глобална криза.

***Клучни зборови:*** национални мерки, економска активност, женско претприемништво, родова еднаквост, економска независност

## Вовед

Жените претставуваат околу половина од популацијата во светот. Врз основа на овој податок, би требало да се очекува дека половина од придобивките на развојниот процес одат кај жените, а другата половина кај мажите. Но, реалноста е поинаква.

Република Северна Македонија од својата независност, дава напор за градење на демократско и правично општество. Општество во које сите граѓани се еднакви пред уставот и законите, во пишаните документи, но и во пракса, без разлика на нивна етничка, верска, социјална и географска припадност. И посебно важно е еднаквоста без оглед на родовата припадност на граѓаните на оваа држава.

.Родова рамноправност и зајакнувањето на жените, преставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност е загарантирана со Уставот како највисок правен акт во државата и справување со постојните родови нееднаквости подразбира да се работи различно со жените и мажите бидејќи тие често пати имаат различни потреби и приоритети, се соочуваат со различни пречки, имаат различни аспирации и придонесуваат кон развојот на општеството на различни начини.

Економското зајакнување на жените претставува еден од клучните предуслови за унапредување на родовата еднаквост. Тоа ја зголемува продуктивноста, економската диверзификација доведува до еднаквост на приходите, но има и други позитивни развојни исходи. Сепак од друга страна анализите покажуваат дека ваквиот раст не води по автоматизам до намалување на родовата нееднаквост.

Сите работници имаат прав она пристојна работа, не само оние што работат во формалната економија, туку и самовработените, повремените работници и работниците во неформалната економија, како и оние, претежно жени, што работат во секторот за згрижување и во приватните домови.

Трудот е составен од два дела и во него се обработуваат Националните мерки за родова еднаквост и за Економското зајакнување на жените.

## 1. НАЦИОНАЛНИ МЕРКИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Родова рамноправност и зајакнувањето на жените, преставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност е загарантирана со Уставот како највисок правен акт во држава. Справување со постојните родови нееднаквости подразбира предвидување различни мерки, согласно полот, бидејќи тие често пати имаат различни потреби и приоритети, се соочуваат со различни пречки, имаат различни аспирации и на различен начин придонесуваат во развојот на општестваната заедница.

Во овој контекст, родова рамноправност од перспективата на жените би значело тие да работат во свое име и за своја сметка, со сигурност и јасно да можат да искажат своите ставови и гледишта, се со цел да бидат слушнати и земени предвид. Тоа значи, унапредување на вклученоста на жените во консултациите и во донесувањето на одлуки на сите нивоа. Кога станува збор за родова еднаквост, во законската регулатива во Република Македонија постојат два пристапа кои се надополнуват еден со друг. Постојат закони кои содржат позитивни мерки преку кои се осигурува родовата еднаквост, но постои и посебен закон, Закон за еднакви можности на жените и мажите[1]. Законот има за цел да ги уреди основните и посебните мерки за воспоставување на еднаквите можности за жените и мажите, како и надлежностите, задачите и обврските на субјектите одговорни за воспоставување на еднакви можности.

[1] Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр.6/2012). Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите("Службен Весник на Република Македонија" бр. 166/2014).

Законската рамка се состои од следните поважни нормативни акти:

- Устав на Република Македонија, која ја гарантира еднаквоста на сите граѓани во остварувањето на слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.
- Закон за средно образование на Република Македонија, која го гарантира еднаквиот пристап до средното образование и се забранува дискриминација по која било основа.
- Закон за внатрешни работи на Република Македонија, осигурува заштита на правата и слободите на граѓаните загарантирани со Уставот на Република Македонија и обезбедува отсуство на национална, расна и верска омраза или нетрпеливост.
- Кривичен законик на Република Македонија, ја инкриминира дискриминацијата по која било основа од страна на кое било лице во Македонија и предвидува обврска за службените лица да дејствуваат со должна претпазливост и без дискриминација во извршувањето на службената должност.
- Закон за наследување на Република Македонија,не познава никакви разлики помеѓу наследниците, односно сите граѓани имаат право да го остварат своето право на наследство во нашата земја.
- Закон за локална самоуправа на Република Македонија, го уредува основањето и работата на Комисиите за еднакви можности во рамките на Советите на општините. Одредбите од законот предвидуваат обврска за Советите на општините да основаат такви комисии.
- Законот за избор на пратеници, се определува дека во предложената листа на кандидати секој пол ќе биде застапен со најмалку 30% .
- Закон за локални избори, пропишува дека во предложената листа на кандидати за членови на Советот на општината и Градот Скопје секој пол ќе биде застапен со најмалку 30% и во горната и во долната половина од листата.
- Закон за политички партии на Република Македонија, пропишува дека „програмата и статутот на политичките партии не можат да бидат насочени кон разгорување на национална, верска или расна омраза или нетрпеливост". Се забранува секаков вид дискриминација заснован на членување или нечленување во политичка партија, а се гарантира рамноправност на половите од аспект на достапноста на функциите во политичките партии.
- Закон за социјална заштита на Република Македонија, забранува директна или индиректна дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност, во однос на остварување на правата од областа на социјалната заштита.

- Закон за спречување и заштита од дискриминација, обезбедува спречување и заштита од дискриминација во остварувањето на правата загарантирани со Уставот на Република Македонија, закон и ратификувани меѓународни договори.

Освен законската рамка значителен придонес во постигнувањето на еднаквите можности имаат и стратешките документи како што е Националниот план за акција за родова рамноправност за периодот 2007 – 2012 година. Тој ги дефинира десетте стратешки области за дејствување, активностите, индикаторите, како и одговорните институции, чинители и инволвирани страни за воспоставување на родова рамноправност во различни области.Во 2010 се усвои вториот Национален акциски план за унапредување на општествената состојба на жени Ромки во Република Македонија, со цел континуирано интегрирање на оваа целна група во општествените текови, при што како приоритетни области се опфатени вработувањето, здравството, образованието и човековите права.

Меѓународните стандарди на трудот се едно од основните средства на МОТ за дејствување во насока на подобрувањето на условите за работа и за живот на жените и мажите и за промовирање еднаквост на работното место за сите работници. Стандардите на МОТ се еднакво применливи за жените и за мажите, со определени исклучоци, особено оние стандарди што се однесуваат на прашања во врска со мајчинството и репродуктивната улога на жената. Меѓутоа, и натаму постои јаз меѓу правата што се загарантирани и утврдени во националните и меѓународните акти, нивната имплементација и реалната положба на работниците.

Овие права неопходно е да се остваруваат во практиката. Една од позначајните пречки што ги попречуваат работниците во остварувањето на нивните права е недостигот на свест за нивното постоење. Дисеминацијата на информациите за овие права, според тоа, претставува суштински чекор кон подобрувањето на родовата еднаквост. Овој труд е еден од елементите во таквиот процес на дисеминација. На едно место, во лесно достапна форма, содржани се низа меѓународни стандарди на трудот и национални мерки што се од особено значење за промовирањето на родовата еднаквост во светот на трудот.

Иако е постигнат голем напредок во ратификацијата на фундаменталните стандарди кои ја промовираат еднаквоста меѓу жените и мажите и во нивното пренесување во националното право, родовите прашања треба, исто така, да се земат предвид при примената на останатите стандарди на Меѓународната организација натрудот[2]. Интегрирањето на родовата перспектива во примената

[2] Меѓународната организација на трудот (МОТ) со седиште во Женева е основана на 11 април 1919 година, како дел од Версајскиот договор за завршување на Првата светска војна и одраз на верувањето дека универзалниот и траен мир може да се постигне само ако се заснова врз социјална правда.

на Меѓународните стандарди на трудот им помага да се осигура дека жените и мажите имаат еднаков пристап до придобивките што произлегуваат од овие стандарди, да ги препознава потребите, искуствата и интересите и на жените и на мажите, да им овозможува на засегнатите страни да управуваат со промените, да покажува подготвеност за спроведување диференцијални мерки за исполнување на потребите и интересите на мажите и жените, како и се залага за еднаквост што се постигнува преку практичното спроведување на конвенциите.

## 2. ЕКОНОМСКОТО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ

Економското зајакнување на жените претставува еден од клучните предуслови за унапредување на родовата еднаквост. Ниското учество на пазарот на трудот, родовиот јаз во платите, непризнаената домашна работа, како и ограничениот пристап до ресурси и раководни позиции се значајни фактори што оневозможуваат реализирање на целосниот потенцијал на жените и девојчињата и нивно рамноправно учество во сите општествени сфери.

Зајакнувањето на жените во економијата и затворањето на родовите јазови во светот на работата се клучни за постигнување на Агендата за одржлив развој од 2030 година[3] и за постигнување на целите за одржлив развој за постигнување родова еднаквост и за промовирање целосна и продуктивно вработување и пристојна работа за сите. Исто така за ставање крај на сиромаштијата, односно безбедност на храната и обезбедување здравје како и намалување на нееднаквостите.

Агендата за одржлив развој[4] ја третира родовата еднаквост од повеќе аспекти, односно вклучува цели и задачи во различни области, со чие исполнување се очекува да се подобри економската положба на жените. Во контекст на родовата еднаквост во Република Македонија, особено во поглед на економското зајакнување на жените, неколку цели и задачи од АОР може да се издвојат како најрелевантни и се предмет на оваа анализа. Спроведување реформи што ќе им дадат еднакви права на жените кон економските ресурси и пристап до сопственост и контрола врз земјиште и други форми на имот, финансиски услуги, наследство и природни ресурси, во зависност од националните закони. која е посветена на постигнување родова еднаквост и зајакнување на жените и

[3] Панел на високо ниво на генералниот секретар на ОН за економско зајакнување на жените, не остави никој зад себе: Повик за акција за родова еднаквост и економско зајакнување на жените. Достапно на: https://www.empowerwomen.org/-media/files/un%20women/empowerwomen/resources/hlp%20briefs/unhlp%20full%20report.pdf?la=en

[4] Панел на високо ниво на генералниот секретар на ОН за економско зајакнување на жените, не остави никој зад себе: Повик за акција за родова еднаквост и економско зајакнување на жените. Достапно на: https://www.empowerwomen.org/-media/files/un%20women/empowerwomen/resources/hlp%20briefs/unhlp%20full%20report.pdf?la=en PwC, Индекс на жени во работа 2018 година. Достапно на: https://www.pwc.co.uk/services/economics-policy/insights/women-in-work-index.html

девојките вклучува две задачишто се однесуваат на унапредување на положбата на пазарот на трудот и во економските односи, и тие се: Препознавање и вреднување на неплатената домашна работа (грижа за деца, стари и лица со посебни потреби), преку обезбедување јавни услуги, инфраструктура и политики за социјална заштита и промовирање на распределба на обврските во семејството и Спроведување реформи што ќе им дадат еднакви права на жените кон економските ресурси и пристап до сопственост и контрола врз земјиште и други форми на имот, финансиски услуги, наследство и природни ресурси, во зависност од националните закони.

Наведените задачи се однесуваат на економското јакнење на жените и ќе ја мерат и вреднуваат неплатената домашна работа, степенот на промовирање на распределбата на домашните обврски, степенот на спроведени реформи што ќе им дадат еднакви права и пристап на жените кон економските ресурси, пристап до сопственост и контрола врз земјиште и други форми на имот, финансиски услуги, наследство и природни ресурси, во зависност на националните закони. Покрај овие, а индиректно поврзани со економската положба на жената, а со тоа и рамноправноста, се целите за искоренување на сиромаштијата во сите нејзини форми, искоренување на гладта и постигнување безбедност на храната, подобра исхрана и промоција на одржливо земјоделство и намалување на нееднаквоста во земјите и меѓу нив[5].

Имајќи предвид дека жените во бизнисот се изложени на дополнителни пречки и тешки услови, потребно е да се развие инфраструктура за поддршка на развојот на економската активност на жените.

Кај жените, многу повеќе од мажите, постои доза на самокритика и поголема потреба за стекнување нови знаења и вештини. Покрај образованието и обуката, специјализираните советодавни услуги заземаат значајно место, кое не е потребно само во стартната фаза, туку и во подоцнежниот период на деловно работење. Тие се значајни особено во компаниите кои се соочуваат со недостаток на потребна експертиза во рамките на нивната компанија.

Преку развој на современите програми за образование и обука за претприемништво со посебен фокус на жените претприемачки ќе добиеме специјализирани, современи едукативни програми кои ќе бидат во склопот на современиот начин на развивање на бизнис и при тоа со посебен осврт на потребите на економската активност на жените. Обезбедувањето на поддршка на бизнис потфатите на жените претприемачи преку користење на капацитети како што се инкубатори, акцелератори, технолошки паркови, ќе овозможи заеднички напредок и самомотивација преку заедничка работа и добри практики. Соработка со локалната власт за вклучување на развојот на женско претприемништво е од клучно значење, затоа што локалните власти се тие кои треба да ги поддржат и мотивираат жените претприемачи во бизнис потфатите, поради неколкукратните бенефити кои се добиваат од јакнењето на економската

5 Родовата еднаквост во Република Македонија и Агендата за Одржлив Развој 2030, стр.16.

активност на жените на локално ниво. Образовните институции од сите нивоа треба да бидат вклучени пред се во разгледувањето на родово еднаквост на сензитивните практики во учебниците и материјалите за обука, па се до развој на нови едукативни програми кои ќе ги земат во предвид специфичностите на економската активност односно независност на жените.

Кога работат повеќе жени, економиите растат. Економското зајакнување на жените ја зголемува продуктивноста, ја зголемува економската диверзификација и еднаквоста на приходите, како и други позитивни развојни исходи, сепак признавајќи дека. растот не води автоматски до намалување на родовата нееднаквост. Не постои земја во светот во која просечната заработувачка на мажите и жените е иста, а дикрепенцата помеѓу овие две енормно варира. Во педесетина земји, кои пријавуваат приход од не земјоделска дејност на обата пола, заработувачката на жените е помала за 75 проценти од онаа на мажите на светско ниво. Вработените жени се особено обесправени. Недостатокот од соодветни установи за одгледување на деца допринесуваат за засилување на трендот на прифаќање на помалку платена работа, најчесто со намалено работно време, работа на одредено време или пак извршување сезонски работи кои не овозможуваат уживање на одредени бенефиции.

Секој има право на работа, слободен избор на работно место, праведни и поволни услови за работа и заштита од невработеност. Секој, согласно начелото за забрана на дискриминација по било кој основа, има право на еднаква плата за иста работа[6].

Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори[7] .

## Заклучок

Родовата еднаквост не е само основно човеково право, туку неопходна основа за мирен, просперитетен и одржлив свет. Има напредок во последните децении: повеќе девојчиња одат на училиште, помалку девојчиња се принудени на рани бракови, повеќе жени се избрани во парламентот и советите на единиците на локална самоуправа, имаме повеќе жени и на лидерски позиции, а законите се реформираат за да се унапреди родовата еднаквост.

Иако родовите јазови се намалија во последните децении, нееднаквостите опстојуваат и предизвиците остануваат во неколку критични области. Сè уште има значителни родови јазови во вработувањето на жените, самовработувањето

[6] Член 23, Универзална декларација за човекови права.
[7] Член 32, Устав на Република Северна Македонија.

на жените, работата со скратено работно време, претприемништвото и одлучувањето, како и во платите и пензиите, а со тоа и жените се соочуваат со поголем ризик од сиромаштија во споредба со мажите.

Праксата документирана преку спроведеното истражување и анализи укажува на фактот дека поставените механизми и предвидените национални мерки во голема мера се неактивни т.е. многу мал број од нив спроведуваат конкретни активности кои ќе придонесат кон унапредување на еднаквите можности.

Застапеноста и учеството на жените во одлучувањето остануваат ограничени. Секој напредок, како што е зголемената застапеност на жените во парламентот и општинските совети, се должи на изборните квоти кои законски се предвидени. Остануваат клучните пречки за еднаквата застапеност и учество на жените во одлучувањето. Во извршните тела, каде што не постојат квоти, застапеноста на жените е мала. UN Women во Северна Македонија обезбедува поддршка за централните и локалните власти преку систематска и одржлива интеграција на родовата перспектива во сите фази на политичките и буџетските процеси. Го зајакнува нивниот напор за вмрежување и застапување за структуриран и континуиран надзор и анализа на буџетската распределба и трошење од родова перспектива.

Се препорачува надлежните институции да ја зголемат ефикасноста на донесените политики за економско зајакнување на жените, пред се преку таргетираните мерки за вработување, но и активностите кои имаат за цел подигање на нивото на вработување на жените. Од посебна важност во оваа област е заштитата на жените работнички во текстилната индустрија преку институционалните механизми кои според истражувањата не се ефикасни. Тука пред се се мисли на државен инспекторат на трудот, синдикалното организирање, но и јакнење на свеста и информираноста на жените за нивните права.

Заклучоците се дека кога станува збор за транспарентност во работата на институциите одговорни за спроведување на националните мерки и политики за родова рамноправност е дека треба да се унапреди и во континуитет да се развива и надоградува. Тоа посебно се однесува на комисиите за еднакви можности при советите на општините, но и инволвираните страни во спроведувањето на политиките за заштита од семејно насилство, образование, вработување, политичко и јавно учество. За постигнување на посакуваните резултати неопходно е подигнување на свеста кај донесувачите и извршителите на одлуките, но и кај пошироката јавност за важноста на родовата еднаквост во едно демократско општество.

**Користена литература**


1. Родовата еднаквост во Република Македонија и Агендата за Одржлив Развој 2030.
2. Women's Economic Empowerment, April 2011.
3. Indicators for Measuring Results on Gender Equality, 2010.
4. Политики за родова еднаквост, Скопје 2012.
5. Women's entrepreneurship in Sweden, Swedish Agency for Economic and Regional Growth –Tillvдxtverket, Stockholm,October 2009.
6. В.Л.Хил, Чарлс: Меѓународенбизнис, македонскоиздание, Скопје, 2010.
7. Women Entrepreneur Revolution: Ready! Set! Launch!, Jenn Aubert, 2014.
8. Ownership, Office of Advocacy U.S. Small Business Administration, August 2006.
9. Оперативен план за активни програми и мерки за вработувањето на трудот за 2022.
10. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 2021-2027 ГОДИНА со Акциски план за вработување 2021-2023 година.
11. Стратегија за развој на женско претприемништво во Република Македонија, 2019 – 2023.